Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 606/2021
Дата......................
2 8 -04- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерство за транспорт и врски, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на сервисен пат на Автопатот А2 (делница клучка Илинден-Клучка Хиподром) КО Илинден, КО Илинден-вгр, Општина Илинден и КО Маџари, Општина Гази Баба.**

Должината на сервисниот пат за кој се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,88 km.

Сервисниот пат за кој се издаваат условите се наоѓа меѓу планските опфати на град Скопје и селото Илинден за кои се изработени:

- Услови за планирање на просторот за изработка на ГУП на Град Скопје 2012-2022, со тех. бр. Y07712 и
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за село илинден, Општина Илинден, со тех. бр. Y04915

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y03221** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на сервисен пат на Автопатот А2 (делница клучка Илинден-Клучка Хиподром) КО Илинден, КО Илинден-вгр, Општина Илинден и КО Маџари, Општина Гази Баба, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички п рилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на сервисен пат на Автопатот А2 (делница клучка Илинден-Клучка Хиподром) КО Илинден, КО Илинден-вгр, Општина Илинден и КО Маџари, Општина Гази Баба, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на сервисен пат на Автопатот А2 (делница клучка Илинден-Клучка Хиподром) КО Илинден, КО Илинден-вгр, Општина Илинден и КО Маџари, Општина Гази Баба**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 34102 од 16.02.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk